

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*


***јануари 2021 година***
***ЕУЦ-број 58/2021***


## ПОРТУГАЛСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2021




**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Португалско претседатлство со Советот на ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Претседателски избори во Португалија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Зајакнување на економскиот и финансиски систем во Европа | 6 |
| Европски центар за дигитално зачувување на културното наследство во Европа | 6 |
| Поддршка за училиштата во Италија | 7 |
| Регионална застапеност на водечки позиции во ЕУ по региони | 7 |
| Лахти - Европски зелен град за 2021 година | 8 |
| Инвестиции на ЕБРД за 2020 година | 8 |
| Намалена испораката на вакцини од производителите во ЕУ | 9 |
| Европска агенција за погранична и крајбрежна стража | 10 |
| Иницијатива Нов европски Баухаус | 10 |
| Лувр со 72% помалку посетители во 2020 година | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2021 | 11 |


Под слоганот „Чесно, зелено и дигитално закрепнување“, Португалија по четврти пат претседава со Советот на Европската Унија, од јануари до јуни 2021 година.

*Главни приоритети* на Португалското претседателството се:

1. Промоција на закрепнувањето на Европа, поттикнато од зелени и дигитални транзиции;
2. Имплементација на Социјалниот столб на Европската Унија како клучен елемент за обезбедување фер и инклузивна зелена и дигитална транзиција и
3. Зајакнување на стратешката автономија на Европа држејќи ја отворена кон светот.

За Португалското претседателството од голема важност ќе претставува зајакнување на издржливоста на Европа и довербата на граѓаните во европскиот социјален модел, промовирајќи Унија базирана на споделување вредности, солидарност, конвергенција и кохезија, со капацитет да преземе координирана акција за закрепнување од кризата.

*Португалското претседателство „ќе го продолжи процесот на проширување кон Западен Балкан врз основа на новата, поверодостојна и поефикасна методологија, како и напорите за стабилизација и интеграција во регионот, поддржувајќи ја Европската комисија во однос на тековните реформски процеси во тие земји“* - се наведува во Програмата на португалското претседателство со Советот на Европската Унија.

Приоритетите ќе бидат проследени преку пет линии на активности:

1. ***Еластична Европа*** - промоција на закрепнувањето, кохезијата и вредностите на Европа преку спроведување на новата Повеќегодишна финансиска рамка и Инструментот на Европската Унија за следната генерација и Механизмот за обновување и издржливост.
2. ***Зелена Европа*** - промовирање на Европската Унија како лидер во климатските активности преку градење капацитети за прилагодување на ефектите од климатските промени и промовирање на конкурентските предности на декарбонизираниот и еластичен економски модел. Приоритет на претседателството се: спроведување на Европскиот зелен договор, одобрување на првиот европски закон за клима и поддршка на напорите Европа да биде првиот континент неутрален на јаглерод до 2050 година.
3. ***Дигитална Европа*** - забрзување на дигиталната трансформација во услугите за граѓаните и претпријатијата преку поттикнување на нови дигитални решенија и стратегии за зелена транзиција во областа на здравството, истражувањето и иновациите, индустриската сопственост, правда и мобилност.
4. ***Социјална Европа*** - промовирање и зајакнување на европскиот социјален модел внесувајќи доверба во граѓаните во закрепнувањето од кризата и соочувањето со климатските и дигиталните транзиции.

Претседателството во мај годинава ќе организира Социјален самит во градот Порто, со цел да се даде политички моментум на имплементацијата на Европскиот столб за социјални права и соодветниот акциски план.

5. ***Глобална Европа*** - промовирање на отвореност на Европа кон светот и посветеност кон ефективен мултилатерализам и геополитичко позиционирање на Европската Унија како глобален играч. Приоритети на претседателството ќе бидат: заштита на меѓународните партнерства ориентирани кон резултатите за развој и промоција на дебата за развој на човештвото, европско лидерство во консолидирање на отворен систем на меѓународна трговија заснован на правила и промоција на силна и фер трговска агенда. Претседателството ќе се заложи за сеопфатно, избалансирано и фер партнерство во иднина помеѓу Европската Унија и Велика Британија, почитувајќи ги интересите на Унијата и нејзините земји-членки.

https://www.2021portugal.eu/en/

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

На пленарната сесија на ЕП од 18-21 јануари годинава европратениците дадоа широка поддршка за заедничкиот пристап на Европската Унија во борбата против пандемијата COVID-19 и повикаа на целосна транспарентност за договорите и распоредувањето на вакцините.

Во дебатата со високиот претставник на Европската Унија за надворешни работи и безбедносна политика, Жозеп Борел европратениците ги повикаа руските власти да го ослободат рускиот опозициски политичар и активист за борба против корупција, Алексеј Навални, нагласувајќи дека неговото апсење се коси со меѓународното право и рускиот устав.

Регулативата усвоена со 540 гласа се однесува на Инструментот за техничка поддршка (TSI) кој ќе го поддржи закрепнувањето на економијата по пандемијата со Ковид-19 преку унапредување на економската, социјалната и територијалната кохезија. Реформите поддржани од овој инструмент треба ефикасно да ги решат предизвиците идентификувани во усвоените препораки за секоја земја.

Европскиот парламент усвои нови правила со кои се дозволува Европската Унија да користи контрамерки во трговските спорови кога арбитражата е блокирана. Зајакнувањето на т.н. регулатива за спроведување и овозможува на Европската Унија да ги заштити своите трговски интереси од партнери кои дејствуваат незаконски.

Вештачката интелигенција (AI) мора да биде предмет на човечка контрола, дозволувајќи им на луѓето да ја коригираат или оневозможат во случај на непредвидено однесување, истакнаа европратениците. Извештајот, усвоен со 364 гласа повикува на правна рамка на ЕУ за AI со дефиниции и етички принципи, вклучувајќи ја и неговата воена употреба. Исто така, се повикаа Европската Унија и земјите-членки да обезбедат вештачка интелигенција и сродните технологии да се насочени кон човекот –во служба на човештвото и општото добро.

Во усвоениот Годишен извештај за спроведување на Заедничката надворешна и безбедносна политика се нагласува дека ЕУ мора да ги брани своите интереси и вредности и да се залага за меѓународно уредување засновано на правила кои гарантираат мултилатерализам, демократија и човекови права.

Европратениците во усвоениот Годишен извештај за проценка на состојбата со човековите права потенцираа дека неколку авторитарни режими ја користеле пандемијата за да ги оправдаат заострените мерки насочени кон ослабување на демократските принципи и основните слободи, сериозно поткопување на човековите права, потиснување на несогласувањето и ограничување на просторот за граѓанското општество.

Европратениците ја поздравија инаугурацијата на Џо Бајден претседателот на САД како можност за зајакнување на меѓусебнните врски и да се справи со заедничките предизвици и закани по демократскиот систем.

Европратениците дебатираа за Програмата на шестмесечното претседателство на Португалија со Советот на Европската Унија со португалскиот премиер Антонио Коста. Успехот на кампањата за вакцинација против Ковид-19 и постигнувањето на економско и социјално закрепнување засновано врз дигиталните и климатските транзиции се најголемите предизвици за претседателството истакна премиерот Коста и ги повика земјите-членки за тесна соработка за постигнување на целите.

Европскиот парламент со 649 гласа го одобри договорот за прилагодување на регулативата FEAD, постигнат со земјите-членки во декември минатата година. Адаптираната регулатива овозможува земјите-членки да продолжат да ги користат дополнителните средства ставени на располагање за обновување по Ковид-19 според иницијативата REACT-EU за 2021 и 2022 година.

Во извештајот усвоен со 485 гласа европратениците ја нагласија потребата од родово чувствителен одговор на сите аспекти на кризата со Ковид-19 со цел да се подобри родовата еднаквост и да се заштитат правата на жените за време на пандемскиот и постпандемичен период.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европратениците во усвоениот извештај со 464 гласа ја оценија Стратегијата за родова еднаквост 2020-2025 на ЕК, како амбициозна, но изразија жалење за одредени нејаснотии и недоволно дефинирани цели што треба да се постигнат до 2025 година.

Со резолуција поддржана со 581 глас европратениците ги повикаа земјите-членки на Европската Унија да заземат активен став во однос на апсењето на рускиот опозиционер Алексеј Навални и „значително да ги зајакнат рестриктивните мерки кон Русија“.

Европскиот парламент усвои три резолуции за проценка на состојбата со човековите права во Хонгконг, Турција и Виетнам.

Европратениците со 587 гласа усвоија резолуција со која се бара промена на системот преку кој се креира списокот на даночни раеви на Европската Унија, бидејќи системот во моментов е оценет како „збунувачки и неефикасен“. Списокот на даночни раеви поставен во 2017 година досега има „позитивно влијание“, но не успеа „да го исполни целосно потенцијалот со јурисдикциите кои во моментов покриваат помалку од 2% од загубите од светскиот даночен приход“, истакнаа европратениците.

Европската комисија, заедно со другите европски и хрватски институции, треба да ги минимизираат административните барања за пристап до помош и поддршка за луѓето на теренот, истакнаа европратениците во резолуцијата за ублажување на последиците од земјотресите во Хрватска.

Во законодавната иницијатива усвоена со 472 гласа европратениците ја повикаа Комисијата да предложи закон што ќе им овозможи на лицата кои работат на далечина да ги исклучат своите дигитални уреди надвор од работното време. Треба да се утврдат минимални барања за работа на далечина и да се разјаснат условите за работа, часовите и периодите на одмор.

Европратениците во резолуцијата усвоена со 352 гласа ја повикаа Европската Унија да го признае пристапот до пристојно и достапно домување како применливо човеково право и да се заложи за преземање мерки за искоренување на бездомништвото.



www.europarl.europa.eu

## ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО ПОРТУГАЛИЈА 2021



На претседателските избори во Португалија одржани на 24 јануари годинава, португалскиот претседател Марсело Ребело де Соуза освои втор мандат победувајќи во првиот изборен круг. Кандидатката на владејачката Социјалистичка партија, Ана Гомеш беше на второто место, пред кандидатот на крајната десница, Андреа Вентура.

Марсело Ребело де Соуза (72) поранешен лидер на Социјалдемократската партија, поранешен професор по право, освои 61% од гласовите и ќе остане на чело на државата уште пет години. Како претседател, де Соуза имаше постојана поддршка од 60% или повеќе, од граѓаните и на изборите доби повеќе гласови отколку во 2016 година, Ана Гомеш, поранешна членка на Европскиот парламент доби 13%, додека Вентура освои 12% од гласовите. Нешто помалку од 40% од гласачите излегоа на гласање, значително помалку отколку на претходните избори.

Де Соуза го посвети најголемиот дел од говорот за победа на пандемијата „Ковид-19“, ветувајќи дека ќе работи на економско заздравување на земјата кога ќе заврши пандемијата. Според Универзитетот Џон Хопкинс, Португалија има најголема стапка на дневни инфекции и смртни случаи во светот на 100.000 жители. За време на изборната кампања немаше редовни политички митинзи, но ограничувањата на движењето беа укинати за време на денот на изборите. Бројот на избирачки места беше зголемен и се овозможи рано гласање за да се избегне зголемен број на избирачите на изборите. Во Португалија има 10,8 милиони регистрирани гласачи, од кои околу 1,5 милиони живеат во странство.

https://www.euronews.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери на 26 јануари годинава се сретна со амбасадорот на Кралството Холандија, Н.Е. Дирк Јан Коп. Двајцата соговорници разменија мислења за одвивањето на законодавниот процес во услови на пандемија, а ја пофалија и добрата соработка меѓу двете држави во рамките на НАТО и меѓународните парламентарни организации како Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ и ИПУ.



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 21 јануари годинава се сретна со амбасадорот на Република Австрија во Република Северна Македонија, Н.Е. Георг Вуцас. Претседателот Џафери истакна дека, во Република Северна Македонија високо се цени фактот што Австрија отворено се залага за процесот на проширување на Европската Унија и дава силна поддршка на спроведувањето на реформите, пред сѐ во поглед на стабилноста и владеењето на правото. Двајцата соговорници изразија посветеност за продолжување на соработката и во однос на формирањето на Работилница за демократија во Собранието по урнекот на онаа која делува во рамките на австрискиот парламент.

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски на 14 јануари 2021 година оствари средба со амбасадорот и шеф на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е. Дејвид Гир. На средбата Николоски информираше за надлежностите на Советот во градење и одржување консензус за членството во Европската Унија и изрази надеж за ефикасна и континуирана соработка со официјалните претставници на Европската Унија. Амбасадорот Гир потенцира дека државата сеопфатно и во континуитет треба да остварува прогрес во спроведување на реформите неопходни за членство во Европската Унија, додека Европската Унија останува посветена на процесот на проширување. Двајцата соговорници се обврзаа на соработка во претстојниот период, значаен за државата на нејзиниот евроинтегративен пат.



Во Собранието во јануари одделни средби со Шефот на делегацијата на Европската Унија, Дејвид Гир, оствариjа потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, координаторите на пратенички групи, Јован Митрески, Никола Мицевски како и Скендер Реџепи - Зејд.







## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски во текот на јануари годинава оствари серија на средби со повеќе амбасадори на земји-членки на Европската Унија: Полска, Германија, Словенија, Хрватска, Австрија, Чешка, Франција, Шпанија и Шведска, со цел остварување на соработка, запознавање со улогата и целите на Националниот совет за евроинтеграции кои претстојат во процесот на преговорите со Европската Унија, инклузивниот состав и консензуално одлучување во Советот. На средбите Николоски најави активна агенда на Советот за периодот којшто следи и можност претставниците на земјите-членки на Европската Унија активно да партиципираат во работата на Националниот совет, да споделат искуства и експертиза во процесот на европската интеграција.





Претседателот на Комисијата за европски прашања на Собранието, Арбер Адеми на 11 јануари 2021 година учествуваше на Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите-членки на Европската Унија (КОСАК), што се одржа во Лисабон во рамки на португалското претседателство со Европската Унија, г. Адеми имаше свое обраќање на сесијата посветена на приоритетите на претседателството, во кое го поздрави предлогот за интеграцијата на Западен Балкан. Притоа, осврнувајќи се на нашиот евроинтегративен пат кон Европската Унија , потсети дека Северна Македонија од 2005 година е земја кандидат, од 2009 има препорака за почеток на преговори и дека минатата година Советот заклучи да отпочнат преговорите за членство во Европската Унија.

Шефот на Делегацијата во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ), Костадин Костадинов, на 20 јануари оствари средба со амбасадорот на Република Полска, Н.Е. Војциех Тицињски. Пратеникот Костадинов упати благодарност за посетата од амбасадорот на Полска, земја која е наш стратешки партнер, како во инвестициите, така и во евроинтеграциите. Костадинов изрази надеж и за други вакви средби во иднина, на кои во посилен фокус ќе бидат инвестициите, владеењето на правото, пратеничките групи за соработка.





Пратеничката Моника Зајкова, претседателка на Пратеничката група за соработка со Балтичките земји, на 15 јануари одржа онлајн состанок со Лаима Луција Андрикиене, претседателка на Интерпарламентарната група за соработка со земјите од Западен Балкан на Литванскиот парламент. Зајкова информира за актуелните активности на Собранието и реформите од клучно значење за отпочнување на преговорите за членство во Европската Унија и изнесе предлог за соработка меѓу младите парламентарци на двата парламента, со можност за дефинирање на идната соработка со теми во интерес на двете страни.



Претседателот на Пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Република Словенија, Александар Вељановски, на 13 јануари оствари средба со словенечкиот амбасадор, Н.Е. Милан Предан. Соговорниците разменија мислења и во однос на работата на Парламентите во време на Ковид-19 пандемијата, предизвиците со кои се соочуваат земјите, вакцинацијата, чинот на солидарноста, како и можностите за продлабочување на економската соработка.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ И ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ НА ЕВРОПА



Европската комисија на 19 јануари 2021 година претстави нова Стратегија за стимулирање на отвореност, сила и издржливост на економскиот и финансискиот систем на Европската Унија за наредните години. Стратегијата има за цел да даде водечка улога на Европа во глобалното економско управување, придружено со заложбите за поотпорна и поотворена глобална економија, добро функционирање на меѓународните финансиски пазари и мултилатералниот систем заснован на правила. Стратегијата е во согласност со амбициите на претседателката на ЕК Урсула фон дер Лајен, за геополитичка комисија.

Стратешкиот документ се заснова на три меѓусебно зајакнати столба:
1. Промовирање на посилна меѓународна улога на еврото преку партнери од трети земји за унапредување на неговата употреба; поддршка на развојот на инструменти и одредници деноминирани во еврото и поттикнување на неговиот статус на меѓународна референтна валута во секторите енергетика и стоки.
2. Натамошно развивање на инфраструктурата на финансискиот пазар на Европската Унија и подобрување на издржливоста, вклучително и кон екстериторијална примена на санкциите од трети земји и
3. Натамошно унапредување на униформното наметнување и спроведување на санкциите на Европската Унија.
Стратегијата го признава усвоениот план за закрепнување „Next Generation EU“ за справување со пандемијата КОВИД-19 за да им се помогне на европските економии да закрепнат и да ги прифатат зелените и дигиталните трансформации. Стратегијата се надоврзува на Комуникацијата за меѓународната улога на еврото од 2018 година која имаше силен фокус на зајакнување и продлабочување на Економската и монетарна унија .

https://ec.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА ДИГИТАЛНО ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО



Европската комисија на 4 јануари годинава го означи почетокот на Европскиот центар за заштита и зачувување на европското културно наследство. За Центарот, кој ќе биде оперативен во период од три години, Комисијата одобри грант до 3 милиони евра од програмата Хоризонт 2020 година. Центарот ќе постави дигитален простор за зачувување на културното наследство и ќе овозможи пристап до складишта на податоци, метаподатоци, стандарди и упатства. Националниот институт за нуклеарна физика (Istituto Nazionale di Fisica Nucleare) во Италија го координира тимот од 19 корисници кои доаѓаат од 11 земји-членки на Европската Унија, Швајцарија и Молдавија.

Европската комисија започна два проекти за поддршка на дигиталното образование, во износ до 1 милион евра, преку европската програма Хоризонт 2020. Првиот проект MenSI е фокусиран на менторство за подобрување на училиштата, ќе трае до февруари 2023 година и има за цел да мобилизира 120 училишта во шест земји-членки (Белгија, Чешка, Хрватска, Италија, Унгарија, Португалија) и Велика Британија за унапредување на дигиталните иновации, особено во мали или рурални училишта и за социјално загрозени ученици. Вториот проект iHub4Schools, ќе трае до јуни 2023 година и има за цел да ги забрза дигиталните иновации во училиштата преку создавање на регионални центри за иновации и моделот на менторство. Во проектот ќе учествуваат 600 наставници во 75 училишта, а центрите ќе бидат основани во 5 земји (Естонија, Литванија, Финска, Велика Британија, Грузија).

https://ec.europa.eu

## ПОДДРШКА ЗА УЧИЛИШТАТА ВО ИТАЛИЈА

Согласно со правилата на Европската Унија за државна помош и европските цели за широкопојасна поврзаност на 21 јануари 2021 година, Европската комисија одобри 325 милиони евра за поддршка за поврзување на 12.000 училишта во Италија со многу брз интернет. Мерката која Италија ја побара од Европската комисија е насочена само кон училиштата каде што во моментов не е воспоставена или планирана широкопојасна мрежа која нуди брзина на преземање над 300 мегабити во секунда (Mbps). Италија смета дека е неопходна многу брза интернет-врска за да се обезбедат онлајн едукативни услуги, кои се неопходни по појавата на епидемијата на коронавирусот.
Комисијата ја процени мерката според правилата на Европската Унија за државна помош, особено нејзините упатствата за широкопојасен интернет од 2013 год.




https://ec.europa.eu

## РЕГИОНАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ВОДЕЧКИ ПОЗИЦИИ ВО ЕУ ПО РЕГИОНИ

Од основањето на Европската Унија, Западна Европа продолжува да доминира по бројот на функционери на водечките позиции во Унијата со 60% од вкупно назначените и 65% од вкупните мандати, од кои една третина во институциите на Унијата на повеќето влијателни позиции. Западна и Јужна Европа се многу повеќе застапени на водечките позиции во институциите, телата и агенциите на Европската Унија, додека Источна и Централна Европа остануваат недоволно застапени.
Јужна Европа е на второ место со околу 25% од сите назначувања на водечки позиции и мандати, од кои 1/3 се во институциите на Европската Унија, според Извештајот на „Опсерваторијата за географска застапеност во лидерството на ЕУ 2021“.
Актуелниот состав на функционери на водечки позиции во Европската Унија - тројца од Западна Европа и двајца од Јужна Европа, покажува доминација на овие региони во институциите на Европската Унија. Од 2004 година, двата региона заедно имаа 90% именувани функционери и 95% во траење на мандати.
На трето место е регионот на Северна Европа со околу 7% од вкупно назначени функционери и траење на мандати, кој удел едвај достигна 10% во последните години.
Во согласност со населението, Северна Европа доби двојно поголема застапеност од Западна Европа од 2004 година. Нерамнотежата е уште поизразена во поглед на другите тела на Европската Унија, каде што застапеноста на Северна Европа е 50%.



На последно место се регионите од Централна и Источна Европа со 2,5% од сите назначувања и 2% од мандатот. Во периодот 2004-2016 година состојбата е подобрена на околу 5-7% од сите назначувања и помал процент на мандати.
Во истражувањето биле опфатени 72 субјекти на Европската Унија, 89 позиции и скоро 500 носители на функции во периодот 1952-2020 година.

https://euractiv.rs

## ЛАХТИ - ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ГРАД ЗА 2021 ГОДИНА




Финскиот град Лахти на онлајн церемонијата одржана на 15 јануари годинава официјално ја одбележа титулата на Европска зелена престолнина за 2021 година. На настанот учествуваа Саули Нинисте, претседател на Република Финска и Вирџиниј Синкевичиус, ЕУ комесар за животна средина. Доделувањето на наградата „Зелена престолнина на Европа“ за 2021 година на Лахти беше едногласна одлука донесена од меѓународното жири во 2019 година, Лахти постигна добри резултати низ сите 12 тематски еколошки области опфатени со наградата, особено во квалитетот на воздухот, отпадот, растот на зелените и еко-иновациите и управувањето.

Лахти ќе ги претстави најдобрите европски решенија за животната средина, особено оние кои даваат поддршка на локалните цели за ублажување на климата, Програмата за одржлив раст на Финска, Стратегијата на Европската Унија за биодиверзитет за 2030 година и ќе го поттикне спроведувањето на Европскиот зелен договор на локално ниво.

Планот за квалитет на воздухот на Лахти, утврден во 1997 година го направи градот пионер во подобрувањето на квалитетот на воздухот и забележа голем пад на емисиите. Лахти спроведе и дополнителни локални регулативи за квалитетот на воздухот и забележа одлични податоци за квалитетот на воздухот.

Разбирањето за итноста на глобалната климатска криза, докажано преку силните еколошки заложби на градот и забрзано дејствување кон јаглеродно неутрален до 2025 година го позиционира 10 години понапред од националната цел на Финска до 2035 година и 25 години пред визијата за Европската Унија да стане јаглерод неутрална до 2050 година.

Лахти е осмиот по големина град во Финска според населението кое брои 120.000 жители и главен град на регионот Пајат-Хаме.

https://ec.europa.eu

## ИНВЕСТИЦИИ НА ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА

European Bank for Reconstruction and Development

Европската банка за обнова и развој соопшти дека ги зголемила инвестициите за 10% во 2020 година со цел да помогне во ублажување на тешките економски последици од корона-кризата, но учеството на зелените инвестиции нагло опаднале.

Банката инвестирала рекордни 11 милијарди евра во 2020 година, финансирајќи 411 проекти, додека во 2019 година тие финансирала 452 проекти со инвестиции од 10,1 милијарди евра.

Според Извештајот на (ЕБРД) најголем инвестиран износ во минатата година во проекти е во регионот на Источна Европа и Кавказ, нешто повеќе од две милијарди евра, со што финансирањето се зголемило за 6,7%. ЕБРД инвестирала 1,47 милијарди евра во регионот на Централна Европа и балтичките држави со што инвестициите се зголемиле за 4,2%. Инвестициите повторно биле концентрирани во приватниот сектор – 72% од вкупните инвестиции. Во кризните мерки, банката се фокусирала на поддршка на краткорочна ликвидност и обртни средства на „одржливи компании“.

https://www.ebrd.com

## НАМАЛЕНА ИСПОРАКАТА НА ВАКЦИНИ ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ ВО ЕУ




Европската Унија досега обезбеди 600 милиони вакцини против Covid-19 и покрај критиките во земјите-членки. Претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен истакна дека ќе следи одобрување на вакцини и од други производители како што е Модерна, додека блокот во моментов има доволно дози за имунизација на околу 80% од населението.

Брисел вети помош во вакцини, особено на земјите од Западен Балкан во рамки на механизмот CO-VAX, глобалната програма за вакцинирање во сите земји, без оглед на нивната способност за плаќање. За земјите од Западен Балкан обезбеден е грант од 70 милиони евра за набавка на вакцини за покривање на периодот додека се обезбедат вакцините преку COVAX.

Во меѓувреме земјите од Европската Унија започнаа со спроведување на програмите за вакцинација, додека другите чекаат да започне испораката преку COVAX или се обидуваат да потпишат билатерални договори со производителите.

Со договорите постигнати со производителите и земјите кои ја поддржуваат шемата, според COVAX ќе има на располагање најмалку 92 милијарди дози финансирани од донатори за 92 подобни економии, а целта е да се обезбеди 20% покриеност на населението до крајот на годината.

COVAX имаше за цел да обезбеди вакцини во првиот квартал од 2021 година, но според состојбите не се очекува до април годинава. Некои европски земји се чувствуваат изоставени, бидејќи побогатите нации купуваат вакцини со билатерални договори.

Лидерите на земјите-членки на Европската Унија на видео состанокот на 21 јануари побараа „поголема солидарност со трети земји за поделба на вакцините“ вклучувајќи ги и земјите од Западен Балкан. Поради проблемите со COVAX механизмот Европската комисија се заложи дека ќе воведе втор механизам за споделување на вакцини со трети земји, вклучително и Западниот Балкан, но ниту за овој нов механизам нема конкретен рок за достава на вакцините надвор од Европската Унија.

Дополнително, Европската Унија кон крајот на јануари годинава се соочува со проблеми во испораката на вакцини од страна на производителите. Фајзер, иако го намали своето производство успеа да ја испорача предвидената количина на вакцини. Астра Зенека објави дека ќе испорача 60% помалку од договореното со Европската Унија во првиот квартал, за што Стела Киријакидес, комесарка за здравство на Европската Унија на прес-конференција, по одржаниот состанок со претставници на компанијата на 27 јануари 2021 година изрази сериозна загриженост. Таа потврди дека Европската Унија и нејзините земји-членки очекуваат производителот на вакцини да ја исполни својата обврска.

https://www.euronews.com

| Country | First vaccination | Vaccinations... | ...per 100,000 people | Full vaccinations (two jabs)... | ...per 100,000 people |
|---|---|---|---|---|---|
| Albania | January 11 | | | | |
| Austria | December 27 | 195,886 | 2251.4 | | 0 |
| Belarus | December 29 | | | | |
| Belgium | December 28 | 231,466 | 2046.4 | 229,863 | 2032.2 |
| Bosnia and Herzegovina | | | | | |
| Bulgaria | December 27 | 29,122 | 407.1 | 5,455 | 76.3 |
| Croatia | December 27 | 69,984 | 1670 | 11,907 | 284.1 |
| Cyprus | December 27 | 17,379 | 2048.6 | 2,057 | 242.5 |
| Czech Republic | December 27 | 222,450 | 2107.8 | 204,828 | 1940.8 |
| Denmark | December 27 | 216,128 | 3786.9 | 32,522 | 569.8 |
| Estonia | December 27 | 29,594 | 2248.9 | | 0 |
| Finland | December 27 | 126,910 | 2312.8 | 9,355 | 170.5 |
| France | December 27 | 1,136,906 | 1703.7 | 6,153 | 9.2 |
| Georgia | | | | | |
| Germany | December 26 | 1,990,889 | 2422.7 | 318,674 | 387.8 |
| Greece | December 27 | 213,735 | 1982 | 17,726 | 164.4 |
| Hungary | December 26 | 170,476 | 1734.2 | 17,772 | 180.8 |
| Iceland | December 29 | 15,522 | 4667.9 | | |
| Ireland | December 29 | 143,000 | 3025.6 | | 0 |
| Italy | December 27 | 1,575,258 | 2596.6 | 270,269 | 445.5 |
| Kosovo | | | | | |
| Latvia | December 28 | 20,537 | 1043 | | 0 |
| Lithuania | December 27 | 70,018 | 2424 | 9,666 | 334.6 |
| Luxembourg | December 28 | 9,525 | 1652.9 | | |
| Malta | December 27 | 22,371 | 4966.8 | | |
| Moldova | | | | | |
| Montenegro | | | | | |
| Netherlands | January 6 | 185,356 | 1091.7 | | 0 |
| North Macedonia | | | | | |
| Norway | December 27 | 83,883 | 1608.8 | 3,525 | 67.6 |
| Poland | December 27 | 905,457 | 2384.8 | 123,044 | 324.1 |
| Portugal | December 27 | 278,413 | 2692.2 | | 0 |
| Serbia | December 24 | 319,504 | 4425.3 | 0 | 0 |
| Romania | December 27 | 570,704 | 2888.1 | 57,275 | 289.8 |
| Russia | December 5 | 1,000,000 | 692.5 | | |
| Slovakia | December 26 | 108,426 | 1998.2 | 5,203 | 95.9 |
| Slovenia | December 27 | 60,979 | 2954.1 | 9,851 | 477.2 |
| Spain | December 27 | 1,356,461 | 2920.9 | 173,066 | 372.7 |
| Sweden | December 27 | 192,700 | 1956.1 | | 0 |
| Switzerland | December 23 | 197,368 | 2370.2 | | 0 |
| Turkey | January 14 | 1,522,580 | 1933.7 | | 0 |
| Ukraine | | | | | 0 |
| United Kingdom | December 8 | 7,638,543 | 11682.8 | 474,156 | 725.2 |

Source: Our World In Data

## ПОКРЕНАТА ИСТРАГА ПРОТИВ ЕВРОПСКА АГЕНЦИЈА ЗА ПОГРАНИЧНА И КРАЈБРЕЖНА СТРАЖА

Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ) започна истрага против Европската агенција за погранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС) поради обвинувањата за вознемирување, непримерно однесување и одбивање на мигрантите. Веста за истрагата ја потврдија и ОЛАФ и ФРОНТЕКС, но без детали.
Истражителите на ОЛАФ започнаа со истражување на членови на ФРОНТЕКС од почетокот на декември минатата година, поради обвинувањата што доведе некои припадници да заминат од Агенцијата. ОЛАФ, исто така, истражува и одбивање, односно незаконски операции со цел да ги спречат мигрантите да пристигнат до брегот на Европската Унија. ОЛАФ соопшти дека започнатата истрага не значи дека имало и нерегуларности. Во октомври минатата година неколку медиуми, меѓу кои и германскиот весник Шпигел објави дека ФРОНТЕКС е вклучена во недозволени операции во водите помеѓу Грција и Турција и дека мигрантите биле принудени да заминат од територијалните води на Европската Унија.

https://euobserver.com

## ИНИЦИЈАТИВА НОВ ЕВРОПСКИ БАУХАУС




Европската комисија на 21 јануари 2021 година ја започна фазата на дизајнирање на иницијативата Нов европски Баухаус, кој претставува еколошки, економски и културен проект чија цел е да се комбинираат дизајнот, одржливоста, пристапноста, достапноста и инвестициите со цел да се помогне во испораката на Европскиот зелен договор. Основните вредности на Новиот европски Баухаус се одржливоста, естетиката и инклузивноста. Како еден елемент од фазата на дизајнирање, оваа пролет Комисијата ќе го започне првото издание на наградата Нов европски Баухаус.

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен истакна дека „новиот европски Баухаус е проект на надеж да истражиме како подобро живееме заедно по пандемијата. Станува збор за усогласување на одрживоста со стилот, за да се приближи европскиот зелен договор до луѓето“.
Европскиот комесар за иновации, истражувања, култура, образование и млади Марија Габриел истакна дека треба „да се развие иновативна рамка за поддршка, олеснување и забрзување на зелената трансформација, комбинирајќи ја одржливоста и естетиката“.
Европската Унија поставува стандарди за одржливи згради и поддржува проекти за подобрување на зелениот живот. Најновата акција е обид да се приближат овие идеи поблиску до граѓаните на Европската Унија.
Во следната фаза на иницијативата - фаза „испорака“, ќе бидат поставени пет пилот-проекти за ко-дизајнирање на нови одржливи и инклузивни решенија со стил. Целта на третата фаза - „дисеминација“ е ширење на идеите и концептите што го дефинираат Новиот европски Баухаус преку нови проекти, вмрежување и споделување на знаење, во Европа и пошироко.

https://ec.europa.eu

## МУЗЕЈОТ ЛУВР СО 72% ПОМАЛКУ ПОСЕТИТЕЛИ ВО 2020 ГОДИНА

Познатиот Музеј Лувр во Париз минатата година го посетиле 72% помалку посетители отколку претходната година, поради кризата предизвикана од пандемијата на Ковид-19. Во соопштението на музејот се наведува дека вкупниот број на посетители опаднал на 2,7 милиони во 2020 година од 9,6 милиони во 2019 година и 10,2 милиони во 2018 година која беше година на рекордна посетеност. Музејот успеа да ја ограничи штетата со својата успешно поставена изложба „Леонардо да Винчи“ која привлече 1,1 милиони посетители и заврши пред првото затворање на Франција во пандемијата. Лувр, каде се наоѓа познатата слика Мона Лиза и други светски дела со огромна вредност, поголем дел минатата година беше затворен поради рестриктивни мерки, воведени за спречување на ширењето на коронавирусот.
Во меѓувреме, музејот Лувр ја зголеми својата дигитална понуда со што бројот на претплатници на Интернет порасна на повеќе од 1 милион од 2019 година како и на 9,3 милиони во 2020 година, а веб-страницата louvre.fr регистрираше 21 милиони пристапи (hits).

https://www.reuters.com



**Донесени закони од НПАА, во јануари 2021 година:**

1.Закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година,
2.Закон за агенцијата за разузнавање,
3.Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство,
4.Закон за рамномерен регионален развој.

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2021***

*1. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 08-11/02/2021, Стразбур,*
*2. Состанок на Советот за надворешни работи, 22/02/2021, Брисел, Белгија,*
*3. Состанок на Советот за општи работи, 23/02/2021, Брисел, Белгија,*
*4. Европски денови на индустријата 2021, 23-26/02/2021, Онлајн.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




